Градоначалник на Општина Свети Николе
тел:+ 389 32 444 169 факс: + 389 32 440 911
e-mail: info@svetinikole.gov.mk
www.svetinikole.gov.mk

Република Северна Македонија
Општина Свети Николе
- Градоначалник -
бр. 0903-60/117
01.12.20 год.

**ПРЕДМЕТ:Известување**

Се известуваат оние граѓани на општина Свети Николе кои во следниов период ќе вршат дестилирање на алкохол ,односно т.н. варење ракија ,дека најстрого Е ЗАБРАНЕТО оставање на комењето на јавни површини во градот,односно на тротоари ,улици ,речни корита,зелени и на други јавни површини или истото го исфрлаат во градската канализациона мрежа.Комењето граѓаните треба да го собираат во вреки во своите дворни места ,од каде ке биде собирано од страна на Комуналното претпријатие или пак истото да го исфрлат на сопствените земјоделски површини.

При варењето на ракија ,најстрого се забранува истекување на отпадни и други води по тротоарите,улиците,речните корита и по други јавни површини.

Исто така се известуваат граѓаните на општина Св.Николе, а заради намалување на загаденоста на воздухот во грејната сезона, да не се користи пластика и друг кабаст отпад како огревен материјал за загревање на домовите во зимскиот период.

Доколку забележите било какви неправилности пријавете на телефонскиот број 032/444-169

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник**

**М-р Сашо Велковски**